# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.163 од 26.11.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" број 161/2009, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12 и 39/12), во членот 47 став (3) зборовите: "Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за животната средина" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 2**

Во членот 49 став (2) зборовите: "Комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана согласно со Законот за животната средина" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 3**

Во членот 51 став (2) зборовите: "Комисијата за одлучување по жалба формирана согласно со Законот за Државен пазарен инспекторат" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.